**Шаховска Федерација на Македонија**
**Chess Federation of Macedonia**
Сала кк Работнички бб, Градски Парк, Скопје
e-mail: chessmkd@t.mk
web: http://chess-mkd.mk/

## ШАХОВСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

06.02.2024 година

# Одлуки од првата седница на УО

УО на ШФМ, на 04.02.2024 година ја одржа својата прва седница.

На седницата беа разгледувани следниве точки:

1. **Усвојување на записникот од петтата седница на УО**
2. **Иницијатива на шаховските клубови за свикување на вонредно собрание**
3. **Разно**
   **3.1. Менување на системот на бодување на резултатот на екипните натпревари**
   **3.2. Дневен ред за претстојното Собрание**

Управниот одбор ги донесе следниве одлуки:

1. **Усвојување на записникот од Петата седница на УО**
   **Едногласно беше усвоен** записникот од петтата седница на УО одржана на 24.12.2023 година.
2. **Иницијатива на шаховските клубови за свикување на вонредно собрание**
   **На гласање беше ставен предлогот:**
   Инцијатива за вонредно собрание се отфрла заради недоволен број потписи (30% за свикување на вонредно собрание) и невалиден потпис од еден клуб. Да закажеме редовно собрание за 25.02.2024 година каде што прва точка (по точките за верификација) ќе биде гласање за недоверба на претседателот и членовите на УО. До 09.02 ќе бидат доставени сите дополнителни информации потребни за Собрание (време, место, финансиски извештаи итн).

   **Предлогот е едногласно усвоен.**

3. **Разно**
   **3.1. Менување на системот на бодување на резултатот на екипните натпревари**

**Шаховска Федерација на Македонија**
**Chess Federation of Macedonia**
Сала кк Работнички бб, Градски Парк, Скопје
e-mail: chessmkd@t.mk
web: http://chess-mkd.mk/

**На гласање беше ставен предлогот:**
Да се стави точка на дневен ред на Собрание клубовите на Собрание да се изјаснат дали се согласуваат за победа на екипата да се доделат 3 бода а за реми 1 бод и 0 за пораз во сите екипни натпревари организирани од ШФМ.

**Предлогот е едногласно усвоен.**

**3.2. Дневен ред за претстојното Собрание**

**На гласање беше ставен предлогот следниот предлог дневен ред за Собранието:**

1. Избор на верификациона комисија (претседател и двајца членови), избор на записничар и двајца оверувачи на предлог на претседател
2. Верификација на претставниците со право на глас – утврдување на кворум
3. Усвојување на дневен ред
4. Гласање за недоверба на Претседателот и членовите на УО
5. Извештај за работата во 2023
6. Финансиски извештај
7. Измени на систем на бодување за екипни натпревари организирани од ШФМ
8. Усогласување на Статутот со деловодникот за работа на Собрание
9. Проширување на УО од 9 на 11 членови
10. Разно

**Предлогот е едногласно усвоен.**

06.02.2024
Скопје

Шаховска Федерација на Македонија
Секретар на УО
Александра Гакидова